

# Момчило Аврамовски

`98

*“Зависи од оној кој поминува*
*Дали ќе бидам гроб или ризница со богатство*
*Дали ќе зборувам или немо ќе молчам.*
*Тоа зависи само од тебе:*
*Пријателу не приоѓај ми ако немаш желба”*
*( Пол Валери,* ***За уметноста*** *)*

........ не случајно ја цитирав оваа строфа од Валери која се однесува за приодот кон уметноста, бидејќи сметам дека Момчило Аврамовски токму од сликарството направи “ризница со богатство”. Особено задоволство ми причинува неговата доверба да направам рецензија за еден напорен, би рекол макотрпен четириесетгодишен творечки пат.

Извонреден ликовен педагог, голема инвентивна, креативна и пред се импулсивна личноста се главните карактеристични црти на неговата личност. Кај Моме мајсторството и талентот стојат во една хармонија изразена преку сите елементи ( цртежот, бојата, атмосферата и композицијата што е основа на неговиот стил и темперамент, на неговата имагинација да создава свет – визија.

Работејќи професионално како од 1958 година па се до денес, остави неизбришливи траги на кумановското и македонското ликовно небо оставајќи зад себе безброј дела и што е најважно внесе љубов и почит кон уметноста воопшто меѓу неговите ученици од кои неколкумина тргнаа по неговите стапки.

Почетокот на неговата сликарска кариера претставуваше вовед во периодот на решително барање нова смисла на идејно – естетските структури на ликовната уметност. Во шеесетите години претежно слика енформелистички композиции кои изобилуваат со една изразита темна гама која навидум плоха, претставува грижливо рељефно исликана монохромна површина. Тој има око за најсуптилните тонски вредности и потреба за структурен ред. Во енформелите иако доста обскурни се назира светло кое зрачи од темнината. Во оваа фаза на сликите се чувствува една тага, но без трагизам што е резултат на авторовиот експресивен и импулсивен сензибилитет кој како своевиден внатрешен револт го пренесува на платно. Занесен од енформелот кога ствара еден цел циклус на темни слики, авторот во седумдесетите години навлегува во една фаза кога се определува за “снажен” гест, чиста боја и експресионистичка фигурална апстракција. Тоа се дела со колористички тешка, дифузна и призрачно – фантомска фигурација, здружена со гротескно – морбидната деформација со експресионистички влијанија. Присутна е атмосфера на тегобност, сновидение, потисната агресивност, фатализам и песимистичка перспектива. Колоритот од една темна гама преминува во речиси фовистичко – експресионистичка палета со која “анатомски” навлегува во телото на човекот во потрага по “нов вид”. Делата од оваа сликарска фаза на авторот се всушност рефлекс на внатрешниот немир и револт на авторот што го објаснува неговиот немирен но чист творечки дух.

Од сето ова не треба да се извлече заклучок дека сликарството на Аврамовски е песимистичко и мрачно. Тоа е подобро речено, реално во однос на темата што ја промислува, прикажано со една колку широка, толку и длабока меланхолија на битието што страда. Драмата на животот, покрај сиот нејзин пренапнат темен психолошки интензитет, е апсолутно природна. Ритамот на композицијата, бојата и атмосферата не се во потрага по перфекцијата, туку секогаш стојат во хармонија со драмата на внатрешното доживување на темата. Подложувајќи ја својата личност на тегобната и морничава дилема за определба меѓу одминатото, сегашноста и иднината, тој излезот на своето творештво го насетува и бара најмногу во фанатичната и болна чувствителност на димензиите и токовите на животот во кои се исцрпува неговото физичко и духовно постоење. Тектониката на внатрешните немири на овој уметник се производ на драматична и невралгична конфротација.Психологијата на Аврамовски е израз на Сизифовиот напор да се запази и овековечи мигот што го живее уметникот во материјалноста на своето дело.

Во својата најнова сликарска фаза Аврамовски е дијаметрално различен како во колоритот, така и во стилот на сликање. Сликите сега се “капат” во светлина што од досегашниот “кошмарен” внатрешен немир преминува во една мирна и психолошки позитивна сликарска фаза. Сега се навраќа на геометриската апстракција при што слика композиции навидум идентични но во суштина различни. Позадината е чиста, изразито светла, со сини тонови, додека самата композиција има извонредна симетрија и хармонија.

Аврамовски иако во своите дела користи рационални методи во истражувањето на материјата и на новите сликарски техники, во поставување на ритамот и сугестијата на просторот не ја занемарува пиктуралната вредност сликата. Композициите ги гради со ритмови на мазно исликани светли тонови грижливо и минуциозно исликани, дури со една микроскопска прецизност што е постулат на талент, искуство и до совршенство изградена техника. Дел од најновите творби личат на графики, но всушност тие се резултат на новите колористички истражувања на авторот и се одликуваат со префинета фактура и монохромна текстура на мотивот.

Иако слика во различни формати, авторот подеднакво успешно ги третира мотивите со детална обработка на сите делови од платното. Тој подеднакво успешно е содржан и во графичкото, сликарското и цртачкото творештво, како и во скулптурата која го надополнува како ликовен творец.

Низ целиот четиридецениски период неговиот раскошен и креативен талент го користи во многубројните ликовно и естетски илустрации и обликувања на книги и списанија, како и на ликовни решенија за плакати и индустриски дизајн.

На крајот да истакнам дека во областа на неговата професионална дејност како ликовен педагог го постигна она за кое многумина мечтаат бидејќи и тој и училиштето речиси редовно се добитници на највисоките лауреати на сите ликовни манифестации во земјата и странство.

Звонимир Николовски

*"It depends on the passerby*
*Whether I am a grave or a treasure,*
*Whether I speak or voiceles keep silent,*
*It,s only you who that depends on*
*Friend, don,t approach me if you do not desire"*
*( Pol Valeri, **of Art** )*

....... I haven`t quoted this Valeri`s stanza referring to the aproach to the Momčilo Avramovski has made a "treasure" of the painting.

It`s my special pleasure that I`ve been given his confidence to write a review of a very hard, rather painstaking creative path.

An excellent fine arts pedagogue, a wide inventive, creative and above all impulsive personality - are the main characteristics of his character. Mome posesses the mastery and talent in a single harmony - expressed through all the elements ( the drawing, colour, atmosphere and composition ) which is the basis of his style and temperament, as well as his imagination to create a world vision.

Working professionally since 1958 up to these days, he has made a deep trace in the sky of fine arts over Kumanovo and Macedonia. He has made a lot of works and at the same time he has implanted love and respect to the art in general among his pupils. Some of them are following his steps.

The beginning of his carrier as an artist was an introduction to the period of decising search of a new sense of the ideological aestetic structures of the fine arts.

During the sixties he painted mostly informalistic compositions which abound an extremely dark gama very mildly at the first sight - actually very carefully representing a relief painted monochrom level.

He has an eye even for the most subteble tone values and a need of structural order. In the enformels which are very obscure some light radiating out of the darkness is peeping out.

Within this phaze some sadness is felt on his paintings but without tragic taste, which is a result of the author`s expressive and impulsive sensibility transferred by special inner revolt on the painting. Fascinated by the enformel during creating a whole cycle of dark paintings, during the seventies the author enters a phaze when he orientates himself to a very "strong" gesture, clean colour and expressionistic figure abstraction. These paintings have heavy colouring, diffusive and raylet - phantomic figuration, joined by a grotesque - morbid deformation, with expressionistic influences.

Suffering atmosphere is present, as well as vision supressed aggression, fatalism and pessimistic perspective. The colour transfers from a dark gama to an almost shovistic - expressionistic palette, by which he anxatomically enters the human body, searching for some "new species". The works made during this phaze are reflex of the author`s inner disorder and revolt which defines his unsettled but clean creative spirit.

Having in mind the above a conclusion can be made, that Avramovski`s paintings are pessimistic and dark. In other words, it has fidelity of the motive he created in his mind, expressed in wide and deep melancholy of a suffering being. The life drama besides all its stressful and dark psyhological intensity is absolutely natural. The rhythm of the composition, the colour and the atmosphere are not in a search for perfection but always in harmony with the drama, with the inner understanding of the theme. His personality is willing to solve the suffering and spooky dilemme of determination among the past, present and future, feeling the solution of his creativity in the fanatic and painful touchiness of the dimensions and course of life which exhausts his physical and spiritual existence. The tectonics of the inside disorders of this artist are a product of a dramatic and neuralgic confrontation. In his newest painting phaze, Avramovski in diametrically different in the colour, and the style of painting at the same time. This time the paintings "bathe" in light which transfers from the former "nightmare" inner disorder into a peaceful and psyhologically positive painting phaze. Now he refers to geometrical abstraction, working on composition which are identical at the first sight but are in essence different from each other.

The background is clean, extremely bright with blue tones, while the composition posesses special simmetry and harmony. Although in his work he uses rational methods for exploring the substance as well as the new painting techniques he doesn`t neglect the pictural value of the painting during, the setting of the rhythm and the space suggestion. He builds the compositions by rhythm on smoothly painted, bright tones, made with great care and minuciosity, and great precision of the microscope which is a postulato of a talent, experience and extremely built up technique.

A part of his latest works looks like graphics but actually, they`re a result of new colour researches of the authar and are distinguished by sophisticated fracture and monochromatic texture of the motive.

Although his paintings are of different size, the author treats the motives with detailed treatment of all parts of the canvas with a great success. He is equallysuccessful in graphics, drawing and painting, as well as in sculpture which is a supplement to the author as a painter.

During his period of creative work of four decades, he uses his luxurious talent for numerous estetic illustrations and shapings of some books and magazines, as well as painting solutions for some posters and industrial design.

In the end I must emphasize that within the frames of his professional work as a fine arts pedagogue he reached the level that many people dream of, as he and the school where he works are regulary winners of the highest prizes in all fine arts manifestations in the country and abroad.

Zvonimir Nikolovski

*Превод од Македонски на Англиски: Лилјана Атанасовска*



*Во светот на тишината*
*In the world of silence*
*86 x 100*



*Подводно движење I*
*Underwater movement I*
*53 x 61*



*Порака на ветерот*
*Message of the wind*
*54 x 63*



*Внатрешно раслојување*
*Inner dislayering*
*44 x 35*



*Заборавено светилиште*
*Forgotten temple*
*65 x 75*



*Распаѓање на бигорот*
*The stone falls apart*
*75 x 85*

Биографски податоци

***Момчило Аврамовски*** роден во Куманово 1935 год. Училиште за применета уметност и факултет за ликовни уметности завршил во Скопје. Член на ДЛУК од 1958 година до негово расформирање, а на ДЛУМ е член од 1968 година и денес.

адреса: ул. Тане Георгиев – 54
91300 Куманово
Тел. 0901 / 32–347

---

Самостојни изложби

**1962** – Куманово
**1968** – Куманово
**1970** – Куманово

Групни изложби

**1958** – Изложба на ДЛУК во Куманово и Титов Велес. Од 1958 година до расформирање на ДЛУК на сите ревијални изложби во Куманово.
**1964, 1965, 1967** и **1968** година изложба на ДЛУК во Куманово и Штип
**1968** – Изложба на ДЛУК во Битола и Сомбор
**1969** – Скопје XXIV есенска изложба на ДЛУМ – Уметничка галерија, Скопје
**1970** – Скопје XXV есенска изложба на ДЛУМ – Уметничка галерија, Скопје
**1971** – Изложба во Охрид и Белград – Белград "НОБ во делата на Југословенските уметници"
**1972** – Изложба во Лесковац
– Скопје XXVI изложба на ДЛУМ – Уметничка галерија Скопје
**1973** – Изложба во Скопје од колекцијата на уметничка галерија – Куманово
**1974** – Скопје 30 години ДЛУМ уметничка галерија
– Скопје ДОМ ЈНА – жена како инспирација во делата на уметниците
– Куманово изложба на ДЛУК – уметничка галерија
**1975** – Скопје Изложба на ДЛУМ уметничка галерија Скопје
**1976** – Скопје Изложба на ДЛУМ уметничка галерија Скопје
**1980** – Скопје Изложба на ДЛУМ уметничка галерија Скопје
**1981** – Скопје Изложба на ДЛУМ уметничка галерија Скопје
ДЛУМ ЦРТЕЖ'81 – Скопје, Куманово и Штип
**1982** – Скопје изложба на ДЛУМ
– Изложба на ДЛУК во Тетово и Струмица
**1983** – Изложба на ДЛУК – Вараждин
– Скопје изложба на ДЛУМ
– ДЛУМ ЦРТЕЖ'83 – Скопје, Тетово, Куманово и Штип
**1984** – Скопје Македонско минијатурно сликарство
– Изложба на ДЛУМ – Уметничка галерија – Скопје
– ДЛУМ ЦРТЕЖ'84 – Скопје, Куманово, Штип и Битола
**1985** – Колонија Прохор Пчински изложба во Врање, Бујановац и Куманово
– ДЛУМ ЦРТЕЖ'85, Скопје, Куманово и Битола
– ДЛУК годишна изложба во Куманово
**1986** – ДЛУК Изложба во Битола и Штип
– Скопје изложба на ДЛУМ
– Колонија Врањска Бања
– Изложба од Колонија Врањска Бања во Врање, Бујановац и Куманово
– Ликовен салон во Битола V ликовни визури – Апчевски, Десановски, Аврамовски, Дракуловски и Јанкуловски
**1987** – Скопје изложба на ДЛУМ
– Куманово изложба на ДЛУК
– Скопје центар за култура и информации изложба на Македонско минијатурно сликарство'87
**1989** – Куманово изложба на ДЛУК
**1991** – Скопје Центар за култура и информации изложба Македонско минијатурно сликарство'91
**1993/94** – Салон на НУБ "Климент Охридски" – Скопје
– Изложба на ЦРТЕЖ'93 – Скопје, Куманово, Штип, Битола, Струмица и Титов Велес
**1994** – 25 графичка изложба на ДЛУМ – Скопје, Куманово, Штип, Струмица, Битола и Прилеп
– Битола I Меѓународно графичко триенале
– Кол. Лесново'94 – изложба во Пробиштип, Кратово и Скопје
– Колонија Струга'94
**1994/95** – Скопје изложба на ЦРТЕЖ'94
– Изложба Минијатурно сликарство'94 – Скопје
**1995** – Групна изложба на Кумановски уметници "Хуманитарен Божиќ"
**1996** – Минијатурно сликарство'96 изложба во Скопје
– Куманово изложба кумановски уметници'96
**1997** – Колонија Лесново'97 изложба Пробиштип и Виница
– изложба минијатурно Сликарство'97 – Скопје
– Колонија во Струга – изложба од колонијата во Скопје
– Битола II Меѓународно триенале на графика
– Колонија Куманово / Матејче'97 и изложба во Куманово
– Куманово изложба на Кумановски уметници'97
**1998** – Велес изложба на дела од Лесновска колонија

Biographer`s information

Momcilo Avramovski born in Kumanovo in 1935. He finished the School of Applied Arts and graduated at the Faculty of Fine Arts in Skopje. He has been a member of DLUK since 1958 till its desintegration, but he is a member of DLUM ( Association of Macedonian Fine Artists ) since 1968.

Adress: st. "Tane Georgievski" - 54, 91300 Kumanovo,Tel. 0901 / 32-347

Individual Exhibitions

**1962** - Kumanovo
**1968** - Kumanovo
**1970** - Kumanovo

Group exhibitions

**1958** - Kumanovo and T.Veles, Exhibition of DLUK and all review exhibitions in Kumanovo, till its desintegration.
**1964, 1965, 1967** and **1968** - Kumanovo and Štip, Exhibition of DLUK
**1968** - Bitola and Sombor, Exhibition of DLUK
**1969** - Skopje, XXIV Autumn Exhibition of DLUM, Art Gallery
**1970** - Skopje, XXV Autumn Exhibition of DLUM, Art Gallery
**1971** - Ohrid and Belgrade, Exhibition Belgrade, EXHBITION " THE NOB in the works of the Yugoslavs arts"
**1972** - Leskovac, Exhibition
- Skopje, XXVI Exhibition of DLUM, Art Gallery
**1973** - Skopje, Exhibition "From the colestion of the Art Gallery in Kumanovo"
**1974** - Skopje, Exhibition "30 years of DLUM", Art Gallery
- Skopje, Exhibition "Woman as the inspiration in the works of the arts"
- Kumanovo, Exhibition of DLUK, Art Gallery
**1975** - Skopje, Exhibition of DLUM, Art Gallery
**1976** - Skopje, Exhibition of DLUM, Art Gallery
**1980** - Skopje, Exhibition of DLUM, Art Gallery
**1981** - Skopje, Exhibition of DLUM, Art Gallery
- Skopje, Kumanovo and Štip, Exhibition of DLUM "Drawing`81"
**1982** - Skopje, Exhibition of DLUM
- Tetovo and Strumica, Exhibition of DLUK
**1983** - Varaždin, Exhibition of DLUK
- Skopje, Exhibition of DLUM
- Skopje, Tetovo, Kumanovo and Štip, Exhibition of DLUM "Drawing`83"
**1984** - Skopje, Macedonian Small Scale Painting
- Skopje, Exhibition of DLUM, Art Gallery
- Skopje, Kumanovo, Štip and Bitola, Exhibition of DLUM "Drawing`84"
**1985** - Vranje, Bujanovac and Kumanovo, Exhibition of Prohor Pčinski Colony
- Skopje, Kumanovo and Bitola, Exhibition of DLUM "Drawing`85"
- Kumanovo, DLUK Annual Exhibition
**1986** - Bitola and Štip, Exhibition of DLUK
- Skopje, Exhibition of DLUM
- The colony of Vranjska Banja
- Vranje, Bujanovac and Kumanovo, Exhibition of the colony of Vranjska Banja
- Bitola, "V Art Visualize" - Apčevski, Desanovski, Avramovski, Drakulovski and Jankulovski
**1987** - Skopje, Exhibition of DLUM
- Kumanovo, Exhibition of DLUK
- Skopje, Exhibition of Macedonian Small Scale Painting`87, Cultural Information Center
**1989** - Kumanovo, Exhibition of DLUK
**1991** - Skopje, Exhibition of Macedonian Small Scale Painting`91, Cultural Information Center
**1993/94** - Skopje, Salon of NUB "Kliment Ohridski"
- Skopje, Kumanovo, Štip, Bitola, Strumica and T.Veles, Exhibition "Drawing`93"
**1994** - XXV Exhibition of Graphics of DLUM in Skopje, Kumanovo, Štip, Strumica, Bitola and Prilep.
- Bitola, I st International Graphic Thrennial
- Probištip, Kratovo and Skopje, Exhibition of the colony of Lesnovo`94
- The colony of Struga`94
**1994/95** - Skopje, Exhibition "Drawing`94"
- Skopje, Exhibition of Small Scale Painting`94
**1995** - Kumanovo, Group Exhibition of the painters from Kumanovo "The Humanitarian Christmas"
**1996** - Skopje, Exhibition of Small Skale Paiting'96
- Kumanovo, Exhibition "Painters from Kumanovo`96"
**1997** - Probištip and Vinica, Exhibition of the colony "Lesnovo`97"
- Skopje, Exhibition of Small Skale Painting`97
- Skopje, Exhibition of the colony "Struga`97"
- Bitola, II nd International Thrennial of Graphic
- Kumanovo, Exhibition of the colony "Matejče`97"
- Kumanovo, Exhibition "Painters from Kumanovo`97"
**1998** - Veles, Exhibition of the colony "Lesnovo`98"

*Издава: Уметничка галерија Куманово*
*Текст: Звонимир Николовски*
*Превод: Лилјана Атанасовска*
*Дизајн: Драган Гашевски*
*Подготовка и печат: ГРАФОПРИНТ - Куманово*
*Тираж: 500*

*Publicher: Art galery Kumanovo*
*Text: Zvonimir Nikolovski*
*Translation: Liljana Atanasovska*
*Design : Dragan Gasevski*
*Pre-press and print: GRAFOPRINT - Kumanovo*
*Copies: 500*

Според мислењето на Министерството за култура на Република Македонија за каталогот се пресметува повластена даночна стапка.

